# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Член 1**

Во Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2008, 12/2009, 53/11, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19), членот 61-а се менува и гласи:

„При вршење на инспекциски надзор, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник, доколку утврди дека за прв пат е постапено спротивно на членовите 63, 64 став 1 точки 4, 5, 13, 14, 15, 16, 17, 22, 23, 24, 30 и 65 став 1 точки 2, 8 и 10 од овој закон.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат води евиденција на изречените опомени.

Формата и содржината на евиденцијата од ставот 2 на овој член ја пропишува директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.“.

**Член 2**

Членовите 61-б и 62 се бришат.

**Член 3**

Во членот 63 во воведната реченица зборовите: „50 до 100 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

**Член 4**

Во членот 64 став 1 во воведната реченица, зборовите: „1.400 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро правни лица, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали правни лица, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни правни лица и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи правни лица“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „500 евра во денарска противвредност“.

**Член 5**

Во член 65 во воведната реченица зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „250 евра во денарска противвредност“.

**Член 6**

Во членот 65-а став 1 во воведната реченица зборовите: „3.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро правни лица, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност

за мали правни лица, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни правни лица и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи правни лица“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „500 евра во денарска противвредност“.

Во став 3 зборовите: „500 до 1.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „500 евра во денарска противвредност“ и зборот „одговорното“ се заменува со зборот „физичкото“.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на правата на пациентите.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.